Канада

Ерик Валтерс започна со пишување во 1993 година со цел да ги намами неговите 5 студенти да станат повеќе заинтересирани за читање и пишување. Од својата прва креација Ерик издаде околу 55 романи. Сите негови романи станаа најпродавани. Тој доби преку седумдесет награди, национални и меѓународни кои беа преведени на десет јазици. Ерик пишува во различни жанрови, вклучувајќи прозни дела, современи, комедии, книги со еден чин, сликовници, спортски и мистериозни. Често неговите приказни вклучуваат теми коишто го одразуваат неговото образование, социјалната работа и неговата посветеност на прашања од хуманитарна и социјална правда.

**Верба**

Полека се возевме по патот којшто постојано го предизвикуваше возилото со четири тркала да помине додека се искачувавме по страната на планината. Бевме во областа Мбони, Кенија да ги посетиме домовите на децата – сирачиња коишто беа идентификувани од страна на нивните заедници како некои на кои им е помошта најпотребна. Конечно патот го победи возилото и ние моравме да излеземе. Пешачевме 30 минути покрај планината и до следната, сè додека не пристигнавме до нивните домови.

Кога стигнавме Фаитх седеше покрај нејзината баба. Фаитх, 6 г., имаше слаби сеќавања за нејзината мајка која починала во 2006 година кога таа имала 4 години. Од тогаш, па наваму нејзе ја одгледале нејзините баба и дедо и нејзината тетка. Нејзиниот дедо е 72-годишен, а нејзината баба има 70 години. Ни еден од нив не е добар со здравјето. Всушност таа често е оставена на нејзината тетка Росе, која живее во привремен логор за да се грижи за сите.

Фаитх го дели креветот со нејзината баба. Нема душек, нема перница, само едно многу истраено ќебе кои го делат двете. После училиште, во нивниот дом Фаитх е одговорна за помагање околу готвењето, домашните работи и носење вода. Најблискиот извор за вода – мал извор кој го користи локалното население за пиење, готвење, чистење и за домашниот добиток е оддалечен повеќе од еден километар. Ова е пат којшто Фаитх го поминува неколку пати во текот на денот, секојпат носејќи на грбот сад со вода. Да беше постара или поголема можеше да оди неколку пати, но таа е мала за нејзините години.

Она што не е мало е нејзиното срце и желба. Покрај сè што изгубила и тешкотиите кои продолжува да ги издржува, таа се посвети на нејзиното учење. Во училиштето таа пронаоѓа основа, поддршка и надеж за иднината. Минатата година таа беше втора во нејзиното одделение од 67 ученици.

Таа ни кажува колку многу ужива во училиштето, како ужива да учи, и дека таа веќе одлучила што сака да биде – доктор. Кога прво ми кажа, си помислив: „Нели е тоа слатко... мало девојче во Гранд, кое сака да биде доктор“. Тогаш таа ми објасни - кога таа ќе стане доктор ќе ги спасува животите за да другите девојчиња не ги изгубат нивните мајки.

Кога зборувате со Фаитх, знаете дека таа е само мало девојче, шестгодишно, но однатре изгледа многу постара. Тоа низ што минала ја направило

да порасне побрзо. Побрзо отколку што некој треба некогаш да порасне. И со тоа растење станала смирена, мудра и тивко одлучна.

Фаитх може да биде тажна или разочарана поради сите нешта кои ги загубила или никогаш не ги имала. Наместо тоа, таа е благодарна за можноста да оди на училиште. Таа знае дека сите нејзини надежи и соништа за подобра иднина можат да бидат најдени помеѓу ѕидовите на таа мала зграда.

Фаитх е многу повеќе од име. Тоа е исказ на верба, чувство за надеж, дури и кога нема што да го поддржи тоа верување – едноставно имате верба. Зашто мало девојче коешто преживеало толку многу, кое секојдневно продолжува да се бори, верува дека може да стане доктор.

Верба.

Приказна од Канадската глобална кампања за образование